**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 03-279

19.09 **2022 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3262/1 од 26.08.2022 година, а во согласност со Заклучокот бр.02-3436/5 од 16.09.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 35-та седница одржана на 16.09.2022 година, го донесе следното

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно Друштво (ТРД) КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 5-ти август 2022 г., во рамките на три различни изданија од забавно-информативната емисија „Në focus (Во фокус)“, беше емитуван еден ист прилог за „Bushi resort & spa Skopje“ со директно поттикнување да се купат дел од неговите угостителски услуги, што претставува прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3262/1 од 26.08.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 53 став 2 од ЗАВМУ пропишува дека не се дозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 26-ти август 2022 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 5-ти август 2022 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 53 став 2 од ЗАВМУ (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации). Имено, со надзорот е констатирано дека во аудиовизуелните целини на три различно измонтирани (репризни) изданија од забавно-

информативната емисија – „Në focus (Во фокус)“, беше емитуван еден ист десетминутен прилог за угостителските услуги на „Bushi resort & spa Skopje“. Во посебниот прилог за „Bushi resort & spa Skopje“, и визуелно и вербално е направено посебно промотивно препорачување на дел од неговите угостителски услуги, односно беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација. Повредата од точка 1 од ова Решение, детално специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3262/1 од 26.08.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 29.08.2022 г., испрати Допис арх.бр.10-3262/2 од 29.08.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3262/1 од 26.08.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен на 29.08.2022 г. Во предвидениот рок, односно на 01.09.2022 г., ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Писмено изјаснување наш арх.бр.10-3261/3 од 01.09.2022 г., Советот на Агенцијата на седницата одржана на 16.09.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставениот допис – одговор од ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г. и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3262/1 од 26.08.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 35-та седница одржана на 16.09.2022 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-3436/5 од 16.09.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3262/1 од 26.08.2022 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
-Управителите на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
-Одговорното лице на програмата во ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:


26.08.2022

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | 3262 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 август 2022 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 август 2022 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. Претходно изречена мерка: /
7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 5 август 2022 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 53 став 2** *(недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации)* **од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Во аудиовизуелните целини на три различно измонтирани (репризни) изданија од забавно-информативната емисија – „Në focus (Во фокус)", беше емитуван еден ист десетминутен прилог за угостителските услуги на „Bushi resort & spa Skopje".

5 август 2022 г.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Në focus" („*Во фокус*") | 02:14:25 | 03:25:35 | Преку посебен прилог, во состав на забавно - информативната целина од емисијата, направена е прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација за „Bushi resort & spa Skopje"; |
| | 11:00:33 | 11:26:30 | |
| | 23:24:00 | 23:57:44 | |

Во посебниот прилог за „Bushi resort & spa Skopje", и визуелно и вербално е направено посебно промотивно препорачување на дел од неговите угостителски услуги, односно беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација. Директното поттикнување тие услуги да се купат е содржано во следниве искази на водителите на емисијата (цитати):

- *„Скопје нема многу места кои нудат интересни менија, добри менија за појадок. (...) Но, од денес овој проблем е решен, директно кај „Буши". Така што Валон, кога твоето семејство ќе дојде од Гостивар, зашто да не, можеш да ги доведеш тука и да вкусите добар појадок, ручек или вечера."*[1];

- *„Мислам дека ни во Истанбул ваква суперуслуга со ваков декор каков што беше предмалку, верувам дека и гледачите видоа, не може да се најде. А, каде другде, освен кај „Буши". Така што, сите вие што сакате да вкусите еден ваков појадок како јас и Валон, задолжително треба да дојдете тука и да го задоволите копнежот по Истанбул, Турција."*[2];

---

[1] "Shkupi nuk është se ka shumë vende ashtu të përshtatshme ku ofrojnë menu interesante, mënu të bukura për mëngjes. Por, që nga sot ky është një problem i zgjidhur, drejt e te "BUSHI". Kështuqë Valon, edhe ti kur të vie familja yte nga Gostivari, pse jo, mund ti sjellësh këtu e ta shijoni një mëngjes, drekë ose darke.";

[2] "Unë mendoj që as në Stamboll këso super servimi me këtë dekorim që ishte pak më heret, besoj që e panë edhe shikuesit, nuk mundem me gjet. E ku tjetër, veq në "BUSHI". Kështuqë, krejt ju që doni me

- *„Подобар избор од тоа што ме доведе кај „Буши“ не си направил последниве три години.“*[3];
- *„Јас и Флора, шетајќи низ чаршијата, решивме да одиме да јадеме во „Буши Ресорт“ – навистина вредеше.“*[4];
- *„Дојдете и вие кај „Буши“ и вкусете ги најдобрите јадења и пијалоци што се нудат во нашата земја.“*[5].

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 5 август 2022 година – во рамките на три различни изданија од забавно-информативната емисија „Në focus (Во фокус)“, беше емитуван еден ист прилог за „Bushi resort & spa Skopje“ со директно поттикнување да се купат дел од неговите угостителски услуги, што претставува прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација.

9. **Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи - веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***

---

shiju një mëngjes të tillë si unë dhe Valoni, duhet patjetër me ardhë këtu edhe me hek pak mallin e STAMBOLLIT, e Turqisë.";

[3] "Përzgjedhje më të mirë se sa kjo që m'ke pru te "BUSHI" nuk ke bërë këto 3 vitet e fundit.";

[4] "Unë dhe Flora duke bërë xhiro në çarshi, thamë të shkojmë të hamë diçka në "BUSHI Resort". Me të vërtetë ja vlejti.";

[5] "Hajdeni edhe ju te "BUSHI" dhe shijoni ushqimet dhe mëngjeset më të mira që ofrohen në vendin tone.".